СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ

# ЕТИЧКИ КОДЕКС ЗА ОДНЕСУВАЊЕ НА ПРАТЕНИЦИТЕ НАДВОР ОД ВРШЕЊЕ НА ПРАТЕНИЧКАТА ФУНКЦИЈА

**-кратка информација-**

*Скопје, април 2024*

Во оваа кратка информација е претставен преглед во однос на правна рамка со која се регулира однесувањето на пратениците надвор од вршење на пратеничката функција и парламентарните активности во парламентите во избрани европски земји и во Европскиот парламент. Податоците се преземени од базата на одговори на предметните парламенти поставени по ова прашање на платформата на Европскиот центар за парламентарни истражувања и документација (ЕЦПРД).

Според обработените податоци, прашањето за етичкото однесување на пратениците воопшто, е регулирано на неколку начини, односно со Деловници на парламентите, со посебни Кодекси за етичко однесување на пратениците, со посебни закони и документи, Водич за пратеници, или пак со Устав. Така, во рамки на **Деловник** за работа на парламентот, ова прашање е регулирано во: Грција, Бугарија, Франција, Претставничкиот дом на Белгија и други. Со посебен **Кодекс** за етичко однесување на пратениците ова прашање е регулирано во: Европски Парламент, Австрија, Хрватска, Северна Македонија, Грузија, Сенатот на Белгија, Летонија, Литванија, Шведска, Шпанија, Португалија, Романија, Словенија, Обединето Кралство и други. Со посебен **Закон** ова прашање е регулирано во: Израел - Законот за имунитет, права и должности на членовите на Кнесетот; Ерменија - Закон за гаранции на активноста на пратеникот на Народното собрание и други. Во Финска е регулирано со **Устав**. Во Швајцарија е регулирано со **Водич за пратеници во однос на прифаќањето на предностите, должностите за транспарентност и обработката на информациите.** Во Естонија постои документ **Добра практика на членовите на Парламентот (Riigikogu),** додека во Норвешка постојат Етички упатства за членовите на Парламентот (Storting).

Сепак, во најголем дел, во деловниците за работа, етичките кодекси и слично, правилата се однесуваат на основните етички принципи, правила и стандарди на однесување на пратениците во парламентите при вршење на пратеничката функција. Исклучоци кои содржат и одредби кои се однесуваат на етичкото однесување на пратениците и вон парламентарните активности и надвор од вршење на пратеничката функција постојат во парламентите на земјите разработени во кратката информација што следат.

Кратката информација е изработена по сопствена иницијатива, согласно Правилникот за вршење на надлежностите на Парламентарниот институт во Собранието на Република Северна Македонија.

## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ

Во Европскиот парламент правилата на однесување на пратениците се регулирани со *Кодексот на однесување на пратениците во Европскиот*

*парламент во однос на интегритетот и транспарентноста*, со Мерките за спроведување на Кодексот на однесување, како и Деловникот на парламентот. Според принципите пропишани во Кодексот, пратениците треба да постапуваат исклучиво во јавен интерес, а својата работа да ја спроведуваат согласно начелата за непристрасност, интегритет, отвореност, трудољубивост, чесност, одговорност и почитување на достоинството и угледот на Европскиот парламент. Кодексот ги дефинира и конфликтите на интереси и правилата како пратениците треба да ги решаваат, а воедно вклучува и правила за обврските за објавување на податоци, за активностите на поранешните пратеници и Советодавниот комитет за однесување на пратениците. Кодексот на однесување, исто така, поставува обврска за пратениците да поднесат детална изјава за нивните приватни интереси, изјава за имот, каде што е потребно, и изјава за свесност за судир на интереси. Понатаму, Кодексот ги обврзува пратениците да ги објават сите закажани состаноци, како и состаноците делегирани на нивните помошници, состаноците со застапници на интереси опфатени во Регистарот за транспарентност, и состаноците со претставници на јавните власти на трети земји. Пратениците, исто така, се обврзани да го пријават своето присуство на настани организирани од трети лица, каде што надоместокот за нивните патни, сместувачки или дневни трошоци, или пак директното плаќање на тие трошоци, целосно или делумно се покриени од трето лице. Информациите доставени од пратениците во нивните изјави се достапни на поединечните профили на пратениците, освен податоците од изјавата за имотната состојба, која не е јавна. Пратениците, исто така, треба да ги пријават подароците во Регистарот на подароци, добиени при претставување на Парламентот во службено својство со приближна вредност од повеќе од 150 евра, под условите утврдени со Мерките за спроведување на Кодексот на однесување.

Кодексот на однесување предвидува пратениците на Европскиот парламент: да не склучуваат договори за дејствување или гласање во интерес на кое било друго правно или физичко лице што би ја загрозило нивната слобода на гласање; да не бараат, прифаќаат или примаат каква било директна или индиректна корист или друга награда, без оглед дали во готовина или во натура, а во замена за специфично однесување во делокругот на парламентарната работа на пратеникот, и свесно ќе настојуваат да избегнат каква било ситуација што може да имплицира поткуп, корупција или несоодветно влијание; да не се вклучуваат во платени активности за лобирање директно поврзани со процесот на донесување одлуки во Унијата.

Согласно одредбите од Кодексот, *конфликт на интереси* постои кога врз извршувањето на мандатот на пратеникот во Европскиот парламент во јавен интерес може несоодветно да се влијание од причини кои го вклучуваат семејството на пратеникот, емотивниот живот или економскиот интерес, или било кој друг директен или индиректен приватен интерес. Пратениците ќе ги вложат сите разумни напори за откривање на конфликт на интереси. Дотолку повеќе што пратеникот кој ќе дознае дека има конфликт на интереси веднаш ќе се обиде да го реши.

Во случај на прекршување на правилата за етичко однесување, претседателот на парламентот може да изрече казна од една или повеќе мерки кога за прекршокот е предвидена одредба во Деловникот на парламентот, вклучувајќи го при тоа Кодексот на однесување на пратениците на Европскиот парламент во

однос на интегритетот и транспарентноста, или врз основа на одлука на Бирото на парламентот. Казната може да се состои од една или повеќе мерки, и тоа:

а) опомена;

б) забрана на пратеникот да го претставува Парламентот на меѓупарламентарна делегација, меѓупарламентарна конференција или каков било меѓуинституционален форум, до една година;

в) во случај на повреда на доверливоста, ограничување на правата за пристап до доверливи информации до една година;

г) одземање на правото на дневниот додаток за период од два до шеесет дена;

д) без да се нарушува правото на гласање на пленарна седница, привремена суспензија од учество во сите или некои од активностите на Парламентот во период од два и шеесет дена на кои се состанува Парламентот.

## РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА

Хрватскиот Сабор во ноември 2022 година усвојува **Кодекс за етичко однесување на пратениците во хрватскиот парламент**. Согласно *Правилата за етичко однесување* од Кодексот, *пратеникот мора да ги организира своите приватни работи за да спречи предвидлив судир на интереси,* а доколку дојде до таков судир, тој мора да го реши на начин што ќе го заштити јавниот интерес во согласност со законот со кој се регулира спречувањето на конфликт на интереси. Исто така, на почетокот на расправата, *пратеникот мора да посочи дали има приватен интерес што влијае или би можел да влијае на мислењата и ставовите што ги изнесува на собраниската расправа*[1]. Пратеникот не смее да повикува на насилничко однесување или да се однесува насилно во приватните и јавните активности, да не ги почитува прописите, да шири национална, верска, расна омраза или нетолеранција врз основа на пол и сексуална ориентација или на кој било друг начин да поттикнува или крши човечко права. Пратеникот во своето однесување не смее да се повикува на својата позиција како пратеник или да ја користи за да стекне предност или корист за себе или за лица поврзани со него во односите со граѓаните, јавните или приватните институции и јавноста во општо.

## РЕПУБЛИКА ГРЦИЈА

*Кодексот на однесување на пратениците* во грчкиот парламент е првиот додаток на Деловникот за работа на Парламентот и *го регулира не само однесувањето на пратениците поврзани со нивните пратенички должности, туку и нивното секојдневно однесување во општеството.* Во Преамбулата на Кодексот се споменува дека донесувањето на Кодекс на однесување на пратениците во грчкиот парламент придонесува за зајакнување на довербата на народот во институцијата парламент воопшто, особено кон работата на пратениците. Кодексот е донесен со цел формулирање правила кои

[1] Чл. 3 и чл. 4 од Кодекс за етичко однесување на пратениците во хрватскиот парламент НН 140/2022 https://www.zakon.hr/cms.htm?id=54703

претставуваат дополнување на веќе пропишани правила во Деловникот за работа на грчкиот парламент, како би се регулирало однесувањето на пратениците во извршувањето на нивните должности, но и нивното секојдневно однесување во општеството. Оттука, согласно општите принципи од Кодексот, пратениците се должни: строго да се придржуваат до Деловникот за работа на Парламентот и да го чуваат слободното и демократско функционирање на Парламентот; да ги извршуваат своите должности со непристрасност, несебичност, објективност и меѓусебно почитување; да се придржуваат до принципите на одбрана на угледот на Парламентот, посветеност на собраниските процедури и дискреција, онаму каде што тоа го налага Уставот, законот или Деловникот за работа на Собранието; *да му служат на јавниот интерес, со исклучување на какви било финансиски или други лични интереси или предности за нив или за трети лица;* и друго. Понатаму, Кодексот дефинира дека *судир на интереси* постои кога пратениците, при извршувањето на своите должности, свесно служат на штета на јавниот интерес, директно или индиректно, служат за приватен, финансиски или друг интерес, личен или за други физички или правни лица. Пратениците, по преземањето на функцијата, писмено го известуваат претседателот на Собранието за секоја промена што настанала во периодот од поднесувањето на изјавата за имотната состојба до поднесувањето на нова изјава за *имотната состојба* во однос на нивната и економска активност на нивните сопружници и роднини од прв степен што би можело да предизвика судир на интереси во извршувањето на должноста пратеник. Истата обврска пратениците ја имаат во однос на секоја наредна ситуација која може да предизвика конфликт на интереси во извршувањето на нивната должност. Кодексот пропишува и правила за прифаќање на *подароци* или бенефиции или други поволности или пак парична вредност. Подароци или други бенефиции во паричната вредност од над двесте (200) евра, како општо правило и во согласност со меѓународната практика, веројатно ќе покрене прашања за непристрасност. Пратениците, исто така, не смеат да ги користат *доверливите информации и документи* со кои располагаат при вршење на должноста, за своја или за финансиска корист на трето лице.

Во случај на прекршување на одредбите од Кодексот, може да се поднесат *претставки* во писмена форма, потпишани и депонирани во Регистар на Специјална постојана комисија за етика во Парламентот. За прекршоци за кои нема посебно пропишана процедура, Специјалната постојана комисија за етика доколку смета дека предметот треба да се испита, го известува претседателот на Парламентот. Во ваков случај претседателот на Парламентот предметот го упатува до Посебната постојана комисија за пратеничка етика. Во секој случај, Специјалната постојана комисија за парламентарна етика може да решава и прашање на неетичко однесување по службена должност.

Пратениците кои се под истрага за прекршување на овој Кодекс, како и секој јавен орган или приватен субјект, ќе и помагаат на Специјалната постојана комисија за парламентарна етика во нејзината работа. Доколку Специјалната постојана комисија за пратеничка етика утврди дека тоа не е остварливо, соодветно го информира претседателот на Парламентот. При тоа, пратениците секогаш ќе бидат сослушани од Специјалната постојана комисија за пратеничка етика, било по покана на расправа или по барање на пратеникот. Само спикерот на Парламентот има овластување да изрекува дисциплински мерки по пропишана процедура, и тоа: опомена; во особено тешки случаи цензура за

непарламентарно постапување; и намалување до половина од месечниот надоместок на пратеникот. Во сите случаи, пред изрекувањето на дисциплинската мерка, пратеникот ќе биде повикан да го изнесе својот став, кој се внесува на записник. Доколку изјавата на пратеникот се оцени како задоволителна, не се преземаат дисциплински мерки.

## ИЗРАЕЛ

Според **Законот за имунитет, права и должности на членовите на Кнесетот**[2], Комитетот за етика на домот може да воспостави етички правила за членовите на Кнесетот. Секој член на Кнесетот кој извршил одредени дејствија, вклучително и прекршување на етичките правила, ќе биде предмет на јурисдикција на Етичкиот комитет на Кнесет. *Етичките правила за членовите на Кнесетот се однесуваат како на парламентарните така и на другите активности, внатре и надвор од Кнесетот, во зависност од потребата.* Во однос на санкциите, доколку Етичкиот комитет со мнозинство гласови од сите негови членови, утврди дека член на Кнесет ги прекршил релевантните одредби, може да изрече некоја од следните санкции: забелешка; предупредување; опомена; тешка опомена; негирање на правото да се добие дозвола за говор на пленарната седница или комисиите на Кнесетот, за период не подолг од десет седници; исклучување од состаноците на пленумот на Кнесетот или комитетите на Кнесетот за период не подолг од шест месеци (во ваков случај на пратеникот ќе му биде дозволено да влезе на состаноците со единствена цел да гласа); одбивање на плата и други исплати за периоди на отсуство или за период не подолг од една година поради какво било прекршување на одредбата со која се забранува ангажирање во која било друга дејност или занимање; одбивање на плата за период не подолг од две недели, во кој членот на Кнесетот бил исклучен од пленумот и/или од состаноците на Кнесетот во посебни околности за сериозно прекршување на правилата на етика; одбивање на плата до 5.000 NIS (Нов шекел, ILS или може да се користи кратенка NIS) во одредени случаи кога со кршењето на етичките правила намерно била предизвикана штета на имотот на Кнесетот.

## ЕРМЕНИЈА

Во Република Ерменија не постои посебен Кодекс на однесување за пратениците. Но сепак постои ***Закон за гаранции на активноста на пратеникот на Народното собрание*** *кој предвидува услови кои се однесуваат и на вршењето на функцијата пратеник, како и на неговото секојдневно однесување*. Согласно правилата за пратеничка етика, пратеникот е должен: да го почитува и да го применува законот; да ги почитува моралните стандарди на општеството; да ја води постапката за одржување на седниците на Народното собрание, неговите комисии и собраниските расправи; при вршењето на своите овластувања да не го водат неговите приватни интереси или интереси на блиски лица; да не ги користи овластувањата на функцијата пратеник за личен или интерес на друго лице; да придонесува со својата активност во формирањето доверба и почит кон Народното собрание; секаде и при секоја активност да демонстрира однесување достојно за пратеник; да пројавува

[2] Кнесет - Еднодомен парламент на Израел

почитуван однос кон политичките противници, учесниците на расправата за прашања кои се предмет на расправа во Народното собрание, новинарите, како и кон сите лица со кои пратеникот комуницира при извршувањето на своите овластувања. Иако законодавството не предвидува директни мерки или санкции против пратеникот во случај на прекршување на Кодексот на однесување, сепак Уставот на Република Ерменија наметнува правила за кривично гонење на пратениците. Националното собрание може да формира ад хок комисија за парламентарна етика. Седниците на ад хок комисијата за пратенички прашања за етика се затворени, а редовните седници се свикуваат во деновите што ги определува комисијата или нејзиниот претседател. Право на присуство на седницата имаат само членовите на комисијата, лицата поканети со одлука на претседателот на комисијата или комисијата, како и заменикот. Заклучокот на привремената комисија за прашањето за пратеничката етика не се расправа на седницата на Народното собрание, и се објавува на официјалната интернет страница на Националното собрание.

## РЕПУБЛИКА БУГАРИЈА

Во Република Бугарија правилата за однесување на пратениците што се применуваат надвор од парламентот или нивните парламентарни активности се уредени со ***Деловникот за организација и работа на Народното собрание,*** како и со *Деловникот за работа на Комисијата за спречување и сузбивање на корупцијата за примена на етичките норми на однесување на пратениците* кој претставува составен дел од Деловникот за организација и работа на Народното собрание. Согласно правилата пропишани во Деловникот за организација и работа на Народното собрание, како непожелно, неетичко или несоодветно однесување се смета кога: пратеникот не го почитува владеењето на правото и не го штити јавниот интерес во вршењето на своите овластувања; кога не се води од принципите на непристрасност, отвореност, одговорност и транспарентност; не ги третира граѓаните со должна почит, без разлика на нивната политичка определба, нивната службена положба и мислењата што ги искажуваат. Народниот пратеник не може да даде согласност за вршење на неговите овластувања за приватен интерес на физички или правни лица. Исто така, народниот пратеник не може да даде согласност, ниту пак да ја користи својата службена положба за рекламни активности. Во случај на прекршување на етичките правила на однесување, собраниската Комисија за спречување и борба против корупцијата може да изрече некоја од следните мерки: забелешка; цензура; прекинување од една до три состаноци на комисијата. Во случај кога е донесена одлука за изрекување мерка од Комисијата за спречување и сузбивање на корупцијата, пратеникот има право да се изјасни за одлуката, а притоа Комисијата мора да донесе одлука без оглед на јавно или усно извинување на пратеникот. Можните прекршувања на правилата за однесување или Кодексот на однесување ги испитува постојаниот комитет за спречување и сузбивање на корупцијата на Народното собрание, постапка за испитување на непожелно, неетичко или недолично однесување на пратениците може да покренат секој пратеник, физичко или правно лице во согласност со процедура утврдена со Деловникот. *Санкциите од страна на Народното собрание се спроведуваат во сите случаи на кршење на етичките норми на однесување од страна на народните избраници надвор од собраниската дејност, кога е поднесена претставка или извештај до комисијата или станале познати во*

*јавноста. Со тоа се постигнува дисциплински ефект врз однесувањето на пратениците.*

**ФИНСКА**

Според финскиот **Устав,** пратеникот треба да се однесува достоинствено и пристојно и да не се однесува навредливо кон друго лице. Делот од Уставот кој се однесува на слободата на говор и настап на пратениците конкретно се однесува на случувањата внатре во Парламентот. И покрај тоа што од пратениците се очекува да се однесуваат достоинствено во секоја ситуација, дури и на платформите на социјалните медиуми, тие не подлежат на некој конкретен Кодекс на однесување. Сепак, медиумите активно ги проверуваат пратениците и нивните постапки и однесување и внатре и надвор од Парламентот, а несоодветното однесување има тенденција да стане вест во медиумите.

**ФРАНЦИЈА**

Со одлуката на Бирото на Националното собрание на Република Франција, во 2011 година донесен е Етички кодекс што се применува на пратениците, кој подоцна е интегриран во правилата на Националното собрание. Кодексот вклучува бројни одредби кои се однесуваат на етичкото однесување на пратениците. Пратениците пред сè, ***мора во сите околности*** *да се погрижат да преовладуваат јавните интереси* за кои тие се одговорни, а почитувањето на овој принцип е еден од суштинските услови за доверба на граѓаните во постапките на нивните пратеници во Националното собрание. Согласно начелото на Општиот интерес, *пратениците пред се, мора да дејствуваат единствено во интерес на нацијата и на граѓаните што ги претставуваат, притоа исклучувајќи каков било приватен интерес или финансиска или материјална корист за нив или за нивните најблиски.* Притоа, согласно *начелото за Независност*, пратениците во никој случај не треба да се најдат во ситуација на зависност од правно или физичко лице што би можело да ги одврати од исполнување на должностите предвидени со Кодексот. Пратениците во својата работа се водат и врз основа на **начелата на**: *Објективност*; *Одговорност* - пратениците мора да бидат одговорни за своите одлуки и постапки пред граѓаните што ги претставуваат. За таа цел, пратениците мора да постапуваат транспарентно во извршувањето на својот мандат; *Искреност*-средствата и надоместоците што им се ставени на располагање ги користат во согласност со нивната намена. При тоа се воздржуваат од користење на просториите или средствата на Националното собрание кои им се ставени на располагање за промовирање на приватни интереси; и *Начело на примерност*, согласно кое во извршувањето на својот мандат, секој пратеник мора да се придржува и да ги унапредува начелата наведени во Кодексот. Секое прекршување на етичкиот кодекс може да биде санкционирано според условите предвидени во Деловникот на Националното собрание.

## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Македонското Собрание го донесе Етичкиот кодекс за пратениците на 11 јуни 2018 година. Со Кодексот се регулирани основните етички принципи, правила и стандарди на однесување на пратениците. Дополнително, беа усвоени измени на Етичкиот кодекс како и Упатство за негово спроведување и Правила за изрекување санкции. *Сепак, Етичкиот кодекс не се применува надвор од Собранието и парламентарните активности на пратениците.* Тој ги разгледува антикорупциските одредби, правилата за прифаќање подароци и конфликтот на интереси, но во однос на постојното законодавство за овие прашања. Дури и класификацијата се заснова на повреди поврзани со однесувањето на состаноците, говорот и гестовите на пратениците при вршење на пратеничката функција.

## ГОЛЕМО ВОЈВОДСТВО ЛУКСЕМБУРГ

Во Луксембург не постојат посебни правила на однесување или посебен Кодекс на однесување на пратениците што се применуваат надвор од Парламентот или нивните парламентарни активности. Но, Парламентот има намера во иднина да воспостави регулатива за пратениците во врска со непожелно, неетичко или несоодветно однесување надвор од Парламентот, која би била одвоена од постојните правила на однесување во врска со однесувањето на пратениците за време на пленарни седници, комисии или меѓународни делегации. Исто така, новата регулатива би била одвоена од Кодексот на однесување во однос на транспарентноста (секундарни активности и приходи) и конфликтот на интереси.

## РЕПУБЛИКА МОЛДАВИЈА

Во законодавството на Република Молдавија во моментот не постои посебен закон со кој се уредуваат правилата и принципите на однесување и пратеничката етика на пратениците при вршењето на нивниот мандат надвор од парламентот. Деловникот на Собранието содржи одредби главно поврзани со правилата за однесување на пратениците за време на собраниските активности (пленарни седници и комисии) во просториите на Собранието. Покрај тоа, постојат општи одредби во Законот за статусот на пратениците согласно кои Пратеникот е должен да ги почитува одредбите на Уставот, законите, како и моралните и етичките норми на однесување. Во моментов во Собранието на Република Молдавија се разгледува Предлог-закон за етички кодекс и однесување на пратениците, усвоен во прво читање на пленарната седница, со кој се утврдуваат задолжителни стандарди на однесување во однос на одговорностите и професионалното однесување што треба да ги почитуваат сите пратеници. Целта на овој предлог-закон е да се регулира статусот, однесувањето и етиката на пратеникот. Сепак, во член 4 од предлог-законот, во однос на приватниот живот на пратениците, предвидено е дека:

> *„Одредбите од Кодексот нема да се применуваат за приватниот живот на пратениците или дејствија што не се поврзани со нивните пратенички должности, освен ако таквото однесување може сериозно да влијае на угледот и интегритетот на Парламентот на Република Молдавија како целина или на пратениците како група.“*

## ЛЕТОНИЈА

Во Летонија, не постои посебен кодекс за однесување или правила на однесување за приватниот живот на пратениците надвор од Парламентот. Меѓутоа, пратениците во текот на нивната работа во Саеима[3] треба да го следат *Етичкиот кодекс на членовите на Саеима*. Етичкиот кодекс е дел од организацијата на работата на Саеима и истиот вклучува принципи, правила и препораки за професионална етика на член на Саеима кои треба да се следат во односот на работата, интеркомуникацијата, но и во односите со другите институции и јавноста. Меѓу останатите правила пропишани во Кодексот, членот на Саеима: ќе избегнува каков било личен или национален судир на интереси и ситуации кои може да ја наведат јавноста да се сомнева во постоењето на таков конфликт; нема да прифати приватна покана, и нема да учествува на настани или пак ќе избегнува каква било друга ситуација доколку со тоа би се предизвикало сомневање за постоење на конфликт на интереси или доколку со тоа би се нарушил угледот на парламентот; додека е во Саеима, член на Саеима треба да биде соодветно облечен и дотеран. *Член на Саеима не смее да се појавува на јавни места додека е под дејство на алкохол или психоактивни супстанци или има крајно непристоен изглед*; ќе одржува постојана и отворена врска со јавноста; треба да се однесува одговорно кон јавноста и членовите на медиумите; нема да избегнува да одговара на прашања, освен за прашања во врска со доверливи информации или за приватниот живот и друго.

Изработила: Лидија Поповска

Одобрила/Согласна: Фани Коровешовска Коларовска

Раководител на Парламентарниот институт,

______________________

м-р Златко Атанасов

[3] Саеима-Парламент на Летонија

# ЛИСТА НА ИЗВОРИ

1. Интернетска страна на Европски Центар за парламентарни истражувања и документација https://ecprd.secure.europarl.europa.eu/ecprd/private/request-details/878924
2. Кодекс за етичко однесување на пратениците во хрватскиот парламент НН 140/2022 https://www.zakon.hr/cms.htm?id=54703


Насоки
за користење на истражувачките услуги
на Парламентарен институт
Кој ги користи услугите?
-пратениците
-работните тела
-советите
-пратеничките групи
-генералниот секретар
Зошто?
за обезбедување објективни и непристрасни информации заради:
-подобро аргументирање на ставовите;
- подобро запознавање со предлог-законите и другите акти;
-кристализирање на идејата за поднесување предлог-закон;
-учество на јавни настапи, комуникација со граѓани и дипломатски посети
Како?
со поднесување барање за истражувачки работи:
-во писмена форма (на пропишаниот образец, потпишан лично од корисникот)
-во електронска форма (преку системот на е-парламент)
Кому му се поднесува барањето?
на раководителот на Парламентарен институт
(за дополнителни појаснувања во однос на темата и рокот, истражувачот и раководителите се консултираат со корисникот при добивањето на барањето и во текот на изработката на истражувачката работа)
Какви услуги и препорачан минимален рок?
минимум работни дена:
-кратка информација 3
-хронолошки преглед 5
-тематски преглед 5
-компаративен преглед 7
-опширна информација 10
Што содржат истражувачките работи?
истражувачките работи се од информативна природа, политички неутрални и објективни, се фокусираат на факти и не содржат препораки, ниту сугерираат решенија
Што не може да биде побарано?
-правни совети и помош за индивидуални случаи;
-изработка на нацрт-закони или амандмани;
-информации од надлежност на други сектори во Собранието
parl.inst@sobranie.mk
070/409-544
070/352-474
070/320-349
070/320-348
071/305-384